Работнички Универзитет “Јоска Свештарот” - Струмица



# ЛАЗАР ЛЕЧИЌ

# LAZAR LEČIĆ

ЛИКОВЕН САЛОН

4 Јули 2003



## БИОГРАФИЈА:

### *Лазар Лечиќ*

Роден е 1956 год. во Чаруга - Војводина. Завршил Училиште за ликовни техничари 1875 година во Нови Сад. Вишо педагошко училиште 1979 год. во Белград. Факултет за ликовна уметност 1984 год. во Белград, во класата на професор Мирјана Михаќ.
Студиски престој во Париз од 1984 - 1987 година.
Член е на УЛУВ од 1989 година.
Адреса: Ул. "Димитрија Туцовиќ" бр. 44 Чуруга СР Југославија
Тел: 0038121833143

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1974 - Црвенка, галерија при Домот на културата.
1986 - Париз, galerie d'Art Contemporain Yugoslavie
1987 - Апатин, галерија "Меандер"
1990 - Нови Сад, ликовен салон "Трибина на младите"
- Нови Сад, галерија "Слув"
1991 - Ниш, галерија "Дом"
- Белград, галерија "Андриќев венец"
1993 - Струга, "Народен музеј"
1997 - Крит, Ханија "Градска куќа"
2000 - Струга, "Народен музеј"
- Охрид, Дом накултурата "Григор Прличев"
- Нови Сад, галерија "Слув"
2001 - Жабаљ, галерија при библиотека
- Струмица, ликовен салон РУ
2003 - Велес, црква Св. Пантелејмон

Издавач: Работнички универзитет "Јоска Свештарот" - Струмица
Директор: Стојан Дончевски
Одговорен уредник: Глигор Беќаров
Печати: "БАТЕВ" - Скопје
Тираж: 300 примероци

Изложбата е реализирана со помош на Министерство за култура на Р. Македонија

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1981 - Загреб, галерија "Зограф", Њујорк, Женева и Виена
1982 - Белград, "I Биенале ЈУ студентска графика"
1984 - Белград, "Перспективи XII"
1985 - Кикинда, "Салон на младите"
1986 - Белград, "Уметност Интеррелација"
1987 - Белград, "Новопримени членови на УЛУС"
- Белград, "Есенски салон"
1988 - Загреб, "Лапидариум"
- Велико Градиште, ликовен клуб "Пинкум"
1989 - Белград, "Отворен зимски салон на УЛУС"
- Белград, "Солидарност за настраданите од Ерменија"
1992 - Горни Милановац, "II Биенале на минијатури"
1994 - Чачак, "Мало пролетно анале"
1996 - Горни Милановац, "IIV биенале на минијатури"
1999 - Нови Сад, "Нови Сад за сите времиња"
2002 - Сликарска колонија "Мелник" Мелник Бугарија
2003 - група "Мелник" (Г. Беќаров, П. Кузманоски, К. Бошкилов, М. Аврамовски, В. Јаневски) мултимедијален проект "Различните обединуваат" Велес

Изработил живопис во многу цркви во Македонија, Србија и Република Српска.









## *КОН ТВОРЕШТВОТО НА ЛАЗАР ЛЕЧИЌ*

Во глобалните културни случувања во Струмица, значајно место завземаат презентацијата и гостувањата на реномирани сликари, творци од соседните земји.

Сликарскиот израз на академскиот сликар Лазар Лечиќ од Нови Сад, Србија, ѓи одразува пораките на уметничките творци дека за сликарството како домен од човековата егзистентност и комуникација на луѓето и средините, ја содржи онаа поврзувачка компонента на човековиот дух, кој не може да биде омеѓен, напротив со сликарската творба се создаваат можности за интензивирање на перспективите на уметвичките врски на кохезија на уметничкото делување со кое се постига конкретизација на размислата за хуманото и благородно значење на уметноста во животот на луѓето. Сликарскиот израз базиран пред се на допирот, анализата, проучувањето, заштитата на културното наследство од изминатите цивилизации, доцно - античката, византиската и остварените сликарски религиозни содржини во ентериерите на црквите на Балканот, кои ја содржат основната инспиративна база на неговиот современ ликовен израз , со особено чувство и почит кон квалитативните дострели на некогашните сликари, зографи, познати и непознати. Со дел од неговото творештво кое е остварено во соработка со македонски сликари, во повеќе македонски цркви, па и во ентериерите на струмичките цркви "Св. Кирил и Методиј" и во новата црква "Св. Петнаесет Тибериополски маченици". Најновите сликарски творби решавани во духот на штафелајното сликарство со апстрактно - експресионистички конотации во основа претставуваат субјективна симбиоза на професионалното делување како сликар, живописец, иконописец. Во своите слики се зафаќа со третирање на човечката фигура (светители) и амбиентите, ентериер и екстериер на сакралните објакти, ѓи третира сходно моменталното расположение и концентрираност на фигурите и можна сликарска транспонација на предметите кои се во контекст во општиот композициски склоп.

Потегот е на момент, широк или краток, при што во финалната естетика, приматот на делата го артикулира со распоредот на колористичките интензитети.

Фигурите се силуетно и детално обработени во хоризонтални или вертикални низови на сликата, а колористичко - амбиенталните контексти во себе содржат радикализирани одлики, со типизација на византискиот канонски распоред, колористички меморирани специфиќи, доведени до субјективен, претпознатлив транспониран ракопис.

Во оваа смисла тонските варијации од окер, сина, кафеава, црвена и златна боја, имаат значајно место во целосното градење на уметничката визија, која содржи и елементи на мистичност, експресија и филозофско - историски прашања за особените карактеристики и однос на византиска мисла - Геометрија и нивното значење во контекст на сакралното, детерминацијата кон сликарското овоплотување.

И со оваа изложба на Лазар Лечиќ, веруваме дека на ликовните консументи, на непосреден начин ќе го понуди чувствувањето на живиот и незгаснувачќи однос на зрачење на сакрално - традиционалното сликарство, со кое изобилува и Струмица и е дел од нашето живеење во делата на Лечиќ, се предадени со нов живот и ново инспиративно значење.

**Велковски Живко**
историчар на уметност
и виш конзерватор при завод
Музеј од струмица





